Архивски број: 04-2626/11
Датум: 28.12.2023

# ПРАВИЛНИК
# ЗА ИЗМЕНА НА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ВНАТРЕШНА ОРГАНИЗАЦИЈА ВО МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

Скопје, декември 2023 година


Министерство за труд и социјална политика на Република Северна Македонија
Ministria e Punës dhe Politikës Sociale e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Даме Груев“ бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија
"Dame Gruev" nr. 14, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3106 212
www.mtsp.gov.mk

Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор ("Службен весник на Р. Македонија" бр. 27/14, 199/14 и 35/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.143/2019 и 14/2020) Министерот за труд и социјална политика, на ден 20.12.2022 година, донесе

ПРАВИЛНИК
**за измена и дополнување на Правилникот за внатрешна организација во Министерство за труд и социјална политика**

**Член 1**

Со овој Правилник се врши измена и дополнување на Правилникот за внатрешна организација во Министерство за труд и социјална политика бр.04-7280/2 од 26.08.2015 година, Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за внатрешна организација бр.04-4231/1 од 06.06.2016 година, Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за внатрешна организација бр.04-4850/1 од 04.07.2016 година, Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за внатрешна организација бр.5168/2 од 15.07.2019 година, Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за внатрешна организација бр.381/1 од 12.01.2022 година, Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за внатрешна организација бр.04-3647/2 од 04.05.2022 година и Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за внатрешна организација бр.04-9258/2 од 29.12.2022 година.

**Член 2**

Во делот II. Вид и број на организациски единици, во член 6 став 1 точка 6 по алинеја 4 се додава нова алинеја 5 и гласи:

- Одделение за превод и лекторирање

**Член 3**

Во делот II. Вид и број на организациски единици, во член 6 став 1 точка 7 алинеја 2 и алинеја 3, СЕ БРИШАТ. се додаваат две нови алинеи и гласат:

- Одделение за спречување и заштита од насилство врз жените и семејно насилство
- Одделение за родово одговорни политики и родово одговорно буџетирање - Ресурсен центар за креирање на родово одговорни политики и буџетирање


Министерство за труд и социјална политика на Република Северна Македонија
Ministria e Punës dhe Politikës Sociale e Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Даме Груев“ бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија
“Dame Gruev” nr. 14, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3106 212
www.mtsp.gov.mk

**Член 4**

Во делот II. Вид и број на организациски единици, во член 6 став 1, по точка 7. СЕКТОР ЗА ЕВРОПСКА ИНТЕГРАЦИЈА И МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА, се додава нова точка 7а и гласи:

7А. СЕКТОР ЗА ЕУ ПРОГРАМИ И ФОНДОВИ

- Одделение за имплементација на ЕУ програми и фондови
- Одделение за програмирање и мониторинг на ЕУ програми и фондови
- Одделение за контрола и координација

**Член 5**

Во делот III. Делокруг на работа на организациските единици во член 12 после став 5 се додава став 6 и гласи:

**„Одделение за превод и лекторирање:**

- Преведува материјали од македонски на англиски јазик и обратно, за потребите на Министерот и другите организациони единици;
- Преведува материјали од македонски на англиски јазик и обратно, за потребите на Министерот и другите организациони единици;
- Ги преведува содржините за веб страната на англиски јазик;
- Обезбедува техничка поддршка при одржување на средби и состаноци со потребен превод;
- Преведува материјали потребни за обука и семинари, за брошури, статии и друг промотивен материјали
- Врши усогласување на материјалите со правната терминологија и литературниот јазик
- Обезбедува техничка помош и поддршка при подготовката на нови акти и прописи за кои е потребен превод;
- Преведува материјали од македонски на албански јазик и обратно, за потребите на Министерот и другите организациони единици;
- Ги преведува содржините за веб страната на албански јазик;
- Врши преводи на закони, подзаконски и други акти;
- Врши превод на поднесоците и одговорите на поднесоците од македонски на албански јазик и обратно
- Преведува писма и друга кореспонденција на албански јазик и неговото писмо

**Член 6**

Во делот III. Делокруг на работа на организациските единици во член 13 став 1 алинеја 6, 7 и 8 се менуваат и гласат:

- Активности поврзани со планирање, подготовка, координација, операционализација, како и континуирано следење и спроведување на активности


Министерство за труд и социјална политика на Република Северна Македонија
Ministria e Punës dhe Politikës Sociale e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Даме Груев“ бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија
“Dame Gruev” nr. 14, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3106 212
www.mtsp.gov.mk

на преговарачката структура за пристапните преговори за поглавјата во надлежност на Министерството за труд и социјална политика или каде МТСП се јавува како институција - учесник;
- Координира и учествува во активностите на соработка со европските и останатите меѓународни институции и организации во областа на безбедноста и здравјето при работа;
- Остварува соработка со други институции, организации, здруженија и останати субјекти во делот на безбедност и здравје при работа (БЗР) и учествува во работата на работни групи и тела за прашања од областа на БЗР; ".

Во член 13 став 1 алинеја 9 и 10, СЕ БРИШАТ.

**Член 7**

Во делот III. Делокруг на работа на организациските единици во член 13 став 3 и став 4, СЕ БРИШАТ.

**Член 8**

Во делот III. Делокруг на работа на организациските единици после член 13 се додава нов член 13а и гласи:

„СЕКТОР ЗА ЕУ ПРОГРАМИ И ФОНДОВИ дејствува во функција на ИПА структура на министерството во рамките на ИПА II и Тело за управување со Оперативната програма „Работни места и можности“ во рамките на ИПА III, односно врши работи на координација за искористување на средствата од Инструментот за претпристапна помош од ЕУ (ИПА) преку соодветна реализација на програмите и проектите поддржани од ЕУ во надлежност на министерството; обезбедува комплементарност за програмите и проектите за труд и социјална политика финансирани од Инструментот за претпристапна помош (ИПА) на ЕУ, други ЕУ програми и фондови и меѓународни финансиски институции, како и другата странска мултилатерална и билатерална помош.

Во состав на Секторот за ЕУ програми и фондови се формираат три одделенија:

- **Одделение за имплементација на ЕУ програми и фондови** врши работи и задачи кои се однесуваат на техничка имплементација, односно подготовка и измена на тендерска документација за проектите и договорите предвидени во рамките на програмите за труд и социјална политика, кои се кофинансирани со средствата од Инструментот за претпристапна помош на ЕУ и други ЕУ програми и фондови;


Министерство за труд и социјална политика на Република Северна Македонија
Ministria e Punës dhe Politikës Sociale e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Даме Груев“ бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија
“Dame Gruev” nr. 14, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3106 212
www.mtsp.gov.mk

- **Одделение за програмирање и мониторинг на ЕУ програми и фондови** врши работи кои се однесуваат на идентификување на потреба од финансирање на национални програми/мерки, подготовка и измена на програмски документи, мониторинг (следење) на имплементацијата на договорите и проектите кофинансирани со средствата од Инструментот за претпристапна помош на ЕУ (ИПА) и други ЕУ програми и фондови за програмите за труд и социјална политика, согласно склучените договори за спроведување на проектите и барањата на договорите склучени меѓу Европската комисија (ЕК) и Република Северна Македонија;
- **Одделение за контрола и координација** ги координира процесите на внатрешна контрола и поставеност согласно критериумите на ЕК кои се однесуваат на ИПА структурата на министерството во рамките на ИПА II и Тело за управување со Оперативната програма „Работни места и можности" во рамките на ИПА III, вклучувајќи координација на активностите на крајните корисници, работата на Секторскиот мониторинг комитет за програмите и Секторската работна група, активности кои се однесуваат на одржување на капацитетите на структурата, неправилности, ризици, ревизии и контрола на квалитетот на документите од структурата."

**Член 9**

Во делот III. Делокруг на работа на организациските единици во член 18 став 2, СЕ БРИШЕ.

**Член 10**

Во делот III. Делокруг на работа на организациските единици член 19 став 1 по зборовите „СЕКТОРОТ ЗА ЗАШТИТА НА ДЕЦА" СЕ ДОДАВА ЗБОРОТ „И СЕМЕЈСТВОТО"

**Член 11**

Во делот III. Делокруг на работа на организациските единици член 19 после став 3 се додава нов став 4 и гласи:

Во **Одделение за семејно-правна заштита на децата и семејството**, врз основа на надлежностите утврдени со Законот за семејство и Законот за социјална заштита се врши:

- изготвување предлог на закон од областа на социјалната, семејната и правната заштитата на децата и семејството;
- изготвување подзаконски акти, договори, прави анализи, информации и подготвува мислења од областа на социјалната, семејната и правната заштита на децата и семејството;


Министерство за труд и социјална политика на Република Северна Македонија
Ministria e Punës dhe Politikës Sociale e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Даме Груев" бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија
"Dame Gruev" nr. 14, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3106 212
www.mtsp.gov.mk

- се следи остварувањето на правата и имплементацијата на Конвенцијата за правото на детето на ООН и пишува извештаи за остварување на истата;
- се следи остварувањето на прописите, програмите и другите документи и другите конвенции од областа на бракот, семејството, односите родители и деца, старателството и посвојувањето;
- се вршат работи во врска со остварувањето на лични односи и непосредни контакти на родители и деца;
- се врши работи во врска со нарушени односи во бракот и семејството;
- се вршат работи во врска со згрижувачки семејства за сместување на деца без родители и без родителска грижа;
- се вршат работи поврзани со остварување и заштита на правата на лицата од 18-26 год, кои пред полнолетството имале статус на деца без родители и без родителска грижа;
- се следат и проучуваат состојбите за остварување на вонинституционална заштита на децата без родители;
- се подготвуваат првостепени решенија за посвојување;
- се водат сите работи од областа на посвојувањето, води единствена евиденција за посвоеници и посвоители и изготвува извештаи за работата на Комисијата за засновање на посвојување;
- се подготвуваат второстепени решенија од областа на семејната и правната заштита на децата и семејството;
- се подготвуваат одговори на тужби, жалби и други поднесоци доставени во одделението;
- се остваруваат контакти со амбасади, меѓународни владини и невладини организации;
- се водат граѓанско-конзуларни постапки од областа на социјално-семејната заштита на децата и семејството;

Член 12

Согласно извршените промени во Правилникот за внатрешна организација на Министерството за труд и социјална политика се прават промени и во работната карта (органограм).

Член 13

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува по добиена согласност од Министерство за информатичко општество и администрација.

Министер
Јованка Трпчевска


Министерство за труд и социјална политика на Република Северна Македонија
Ministria e Punës dhe Politikës Sociale e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Даме Груев“ бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија
"Dame Gruev" nr. 14, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3106 212
www.mtsp.gov.mk